# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**26.08.2024 год.** **Бр.X**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 48-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 23.08.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 48-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 23.08.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-764/1 од 26.08.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 48-та седница, одржана на 23.08.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 47-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 26.07.2024 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-746/3 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 1, став 2 алинеја 1 од истиот член од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 30 став 1 алинеја 1 и став 2 алинеја 1 од истиот член од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.08.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за констатирање престанок на мандатот на член на Советот на Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се констатира престанок на мандатот на членот на Советот на Општина Крушево, Александра Тирчоска од Крушево, член на Советот од листата на Коалицијата „Најдоброто за моја општина“ предводена од СДСМ, поради поднесена оставка.

**Член 2**

Мандатот на член на Советот му престанува од денот на одржување на седницата, т.е. сметано од 23.08.2024 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-746/4 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 38 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/2019 и 7/2020) и одредбите од Методологијата за определување на критериуми за доделување на финасиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево бр.08-423/11 од 05.04.2018 година, Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.08.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши распределба на финансиски средства за финансирање на проекти на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево за 2024 година.

**Член 2**

Финансиските средства од Буџетот на Општина Крушево се обезбедени во вкупен износ од 400.000,00 денари, а се распределени и доделени се 376.000,00 денари на следниов начин:

1. Здружение Одбојкарски Клуб “СИНАЛКО” од Крушево, 60.000,00 денари, по Годишна Програма;
2. Здружение Фудбалски клуб ФК „ПИТУ ГУЛИ“ Крушево, 60.000,00 денари, по Годишна Програма;
3. Здржение Радио Аматерски Клуб „Коча Миленку“ Крушево, 30.000,00 денари, по Годишна Програма;
4. Пинг понгарски клуб “Крушево”-Крушево – ППК “Крушево”, 60.000,00 денари, по Годишна Програма;
5. Здржение Спортски Риболовен Клуб „Мрена-1987“ Крушево, 40.000,00 денари, по Годишна Програма;
6. НВО Центар за хумани односи-Крушево, 33.000,00 денари, по Годишна Програма;
7. Фудбалски клуб ФК БУЧИН с.Бучин Крушево, 60.000,00 денари, по годишна Програма;
8. Платформа за развој на туризмот ФЕЕЛКРУШЕВО од Крушево, 33.000,00 денари, по Годишна Програма.

**Член 3**

Општина Крушево на својата веб-страна ќе ги објави резултатите од повикот и целосниот извештај за распределба на средствата со доделената сума и називот на здружението и фондацијата.

Општина Крушево ќе ги информира здруженијата и фондациите за доделените средства за календарската година.

**Член 4**

По донесување на одлуката и нејзиното јавно објавување, Општина Крушево и здруженијата или фондациите кои имаат добиено средства, во рок од 15 (петнаесет) дена од стапувањето во сила на одлуката, склучува договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-746/5 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција (“Сл.весник на РМ” бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.294/21 и 89/22), член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 41, од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.08.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за периодот од првото полугодие од 2024 година**

1. НЕ СЕ ПРИФАЌА Извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност-Крушево за периодот од прво полугодие од 2024 година, БР.23.22.9.1-03/12 од 03.07.2024 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-746/6 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основното образование (“Сл.весник на РМ” бр.161/2019 и 229/2020), член 22 став 1 точка 8; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014,7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.08.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин-Крушево за учебната 2023/2024 год.**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за работата на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин-Крушево за учебната 2023/2024 година, бр.02-147/3 од 15.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин- Крушево и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-746/7 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 30 и член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основното образование (“Сл.весник на РМ” бр.161/2019 и 229/2020), член 22 став 1 точка 8; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.08.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин-Крушево за учебната 2024/2025 год.**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната Програма за работа на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин-Крушево за учебната 2024/2025 година, бр.02-147/2 од 15.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин- Крушево и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-746/8 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основното образование (“Сл.весник на РМ” бр.161/2019 и 229/2020), член 22 став 1 точка 8; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014,7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.08.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ “Никола Карев” Крушево за учебната 2023/2024 год.**

1. **НЕ СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на ООУ "Никола Карев" Крушево за учебната 2023/2024 година, бр.01-255/1 од 15.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до ООУ "Никола Карев" Крушево и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-746/9 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 30 и член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РМ" бр.161/2019 и 229/2020), член 22 став 1 точка 8; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.08.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Никола Карев" Крушево за учебната 2024/2025 год.**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната Програма за работа на ООУ "Никола Карев" Крушево за учебната 2024/2025 година, бр.01-254/1 од 15.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до ООУ "Никола Карев" Крушево и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-746/10 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на РМ" бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18 и 198/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 104/19; 146/19; 275/19; 88/20; 311/20; 294/21; 150/22 и 236/22) и член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.08.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево за учебната 2023/2024 година**

1. **НЕ СЕ ПРИФАЌА** Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево за учебната 2023/2024 година, бр.01-92/1 од 16.07.2024 година;

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-746/11 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 28 од Законот за средното образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16 и 64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.229/20), член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.08.2024 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2024-2025 г. на СОУ “Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. СЕ ДАВА Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во прва година за учебната 2024-2025 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче” Крушево, согласно барањето бр.35-625/2 од 08.07.2024 година и позитивното милење од Министерството за образование и наука бр.13-6482/2 од 18.07.2024 година.

- една паралелка со 10 ученици во гимназиско образование, на македонски наставен јазик;
-една комбинирана паралелка со 8 ученици во стручно образование за образовните профили хотелско туристички техничар со зголемен број на часови за практично образование/ угостителски техничар со зголемен број на часови за практично образование/ хотелско ресторански техничар со зголемен број на часови за практично образование од угостителско туристичка струка, на македонски наставен јазик со 4 годишно траење на образованието и
- една комбинирана паралелка со 6 ученици во стручно образование за образовните профили готвач / келнер / слаткар од угостителско туристичка струка, на македонски наствен јазик со 3 годишно траење на образованието.

2. Согласноста влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-746/12 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 20б став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на РМ” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 „Сл.весник на РСМ” бр.143/19, 14/20, 95/20 и 302/20) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.08.2024 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на Годишниот План за вработување за 2025 година на**
**ООУ „Св.Кирил и Методиј” с.Бучин – Општина Крушево**

1. Советот на Општина Крушево **не дава** Согласност на Годишниот План за вработување за 2025 година на ООУ „Св.Кирил и Методиј” с.Бучин – Општина Крушево, бр.04-121/1 од 20.06.2024 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ООУ „Св.Кирил и Методиј” с.Бучин –Општина Крушево и Архива на Општина Крушево.
**Бр.08-746/13 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 20б став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на РМ” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 и „Службен весник на РСМ” бр.143/19; 14/20; 95/20 и 302/20) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.08.2024 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на Годишниот План за вработување за 2025 година на**
**СОУ „Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. Советот на Општина Крушево **не дава** Согласност на Годишниот План за вработување за 2025 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче” Крушево, бр.03-339/1 од 13.08.2024 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до СОУ „Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-746/14 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) член 20б од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на РМ” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18 „Сл.весник на РСМ” бр.143/19; 14/20 и 302/20) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.08.2024 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на Годишниот План за вработување за 2025 година на**
**ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево**

1. Советот на Општина Крушево **не дава** Согласност на Годишниот План за вработување за 2025 година на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево, бр.01-95/1 од 29.07.2024 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-746/15 од 23.08.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Vrz osnova na ~len 50 stav 1 to~ka 9 od Zakonot za lokalnata samouprava na Republika Makedonija (“Sl.vesnik na RM” br.5/2002), ~len 34 i 38 od Zakonot za kulturata (“Sl.vesnik na RM” br.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 i 11/18), ~len 62 stav 1 to~ka 9 od Statutot na Op{tina Kru{evo (“Sl.glasnik na Op{tina Kru{evo” br.1/2007; 16/14; 7/19 i 7/20), Gradona~alnikot na Op{tina Kru{evo, donese:

**R E [ E N I E**
**za imenuvawe na VD direktor na**
**Domot na kulturata “Naum Naumovski-Bor~e”**
**Kru{evo**

1. PANDORA STEVANOSKA, diplomiran ekonomist od Kru{evo ul.”Man~u Matak” br. 22, SE IMENUVA za VD Direktor na Domot na kulturata “Naum Naumovski-Bor~e” Kru{evo od redot na vrabotenite.

2. VD direktorot }e ja izvr{uva funkcijata do izbor na direktor po objaven Javen oglas, no ne podolgo od 6 ({est) meseci.

3. VD Direktorot gi ima site prava i obvrski na direktor na Domot na kulturata “Naum Naumovski-Bor~e” Kru{evo.

4. Op{tina Kru{evo, vedna{ po imenuvaweto VD Direktor }e raspi{e Javen oglas za direktor.

5. Ova Re{enie vleguva vo sila so denot na negovoto donesuvawe, a }e se objavi vo Slu`ben glasnik na Op{tina Kru{evo.

6. Primerok od ova Re{enie da se dostavi do imenuvaniot, Domot na kulturata “Naum Naumovski-Bor~e” Kru{evo i Arhiva na Op{tina Kru{evo.

O b r a z l o ` e n i e

Na VD Direktorot na Domot na kulturata “Naum Naumovski-Bor~e” Kru{evo, Pandora Stevanoska mu prestana mandatot, zaklu~no so 13.08.2024 godina, zaradi istek na mandatot za koj be{e imaneuvana.

Soglasno ~len 34 od Zakonot za kulturata, Gradona~alnikot na Op{tina Kru{evo vedna{ imenuva VD direktor, bez Javen oglas, od redot na vrabotenite.

VD direktorot gi ima site prava i obvrski na direktor na Domot na kulturata “Naum Naumovski-Bor~e” Kru{evo.

VD direktor se imenuva za vreme do izborot na direktor, a najdolgo za 6 ({est) meseci.

Vrz osnova na gore navedenoto, Gradona~alnikot re{i kako vo dispozitivot na ova Re{enie.

Upatstvo za pravno sredstvo: Protiv ova Re{enie dopu{tena e `alba do Dr`avna komisija za odlu~uvawe vo upravna postapka i postapka od raboten odnos vo vtor stepen, vo rok od 8 (osum) od dena od priemot na istoto.

**Бр.04-262/3 од 13.08.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Согласно член 44 став (7) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23), а решавајќи по Предлогот за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево-вон град, Општина Крушево со тех. број 55/23 од февруари 2024 година, со бр.20-527/8 од 15.08.2024 година, поднесен од страна на Комисијата за урбанизам на Општина Крушево од член 38 став (7) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23), Градоначалникот на општина Крушево го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево-вон град, Општина Крушево**

На инвеститорот **„БОСОЕМИНИ“ доо**, со адреса на седиште во с. Алданци, општина Крушево му **се одобрува** **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево-вон град, Општина Крушево со тех. број 55/23 од февруари 2024 година**, изработена од страна на Трговско друштво за градежништво, промет и услуги ГЕНИКО увоз-извоз ДОО Прилеп.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инвеститорот **„БОСОЕМИНИ“ доо**, со адреса на седиште во с. Алданци, општина Крушево, достави барање за одобрување на **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево-вон град, Општина Крушево со тех. број 55/23 од февруари 2024 година**.

Кон барањето достави :

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево-вон град, Општина Крушево со тех. број 55/23 од февруари 2024 година (*dwg* и *pdf*) формат.
2. Полномошно број 03-2 од 10.03.2023 година.
3. Договор за закуп на земјиште заверен кај нотар Олга Стојческа – Ѓорѓиеска во Крушево на ден 17.02.2023 година под број УЗП 399/2023.
4. Договор за закуп на земјиште заверен кај нотар Олга Стојческа – Ѓорѓиеска во Крушево на ден 17.02.2023 година под број УЗП 400/2023
5. Имотен лист број 6592, КО Крушево вон град, бр.1105-637/2023 од 16.02.2023 година.
6. Предлог одлука за прифатена иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево-вон град, Општина Крушево бр. 21-374/2 од 01.06.2023 година.
7. Изјава за финансирање на урбанистички проект бр.03-3 од 10.03.2023 година.
8. Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 2228, 2229, 2230, 2153, КО Крушево – вон град, Општина Крушево со тех бр. Y42823 од октомври 2023 година, со Решение бр. арх.бр. УП1-15 2258/2023 од 30.10.2023 година.
9. Записник од 4-та седница на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Крушево /2024 година/ одржана на ден 10.06.2024 година со бр. 20-527/6 од 10.06.2024 година.
10. Предлог за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП

2153, КО Крушево-вон град, Општина Крушево со тех. број 55/23 од февруари 2024 година, со бр.20-527/8 од 15.08.2024 година, поднесен од страна на Комисијата за урбанизам од општина Крушево.

По разгледувањето на приложената документација и предлогот за одобрување од Комисијата за урбанизам на општина Крушево, се констатира дека се исполнети законските услови за донесување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево-вон град, Општина Крушево со тех. број 55/23 од февруари 2024 година, изработена од страна на на Трговско друштво за градежништво, промет и услуги ГЕНИКО увоз-извоз ДОО Прилеп и се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението на градоначалникот на општината, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до органот на државната управа надлежен за вршење на работите на уредување на просторот (МТВ).
**Бр.21-349/3 од 21.08.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Согласно член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23), после добиеното мислење бр.21-847/22 од 30.10.2023 година поднесено од страна на Комисијата за урбанизам од општина Крушево од член 38 став (7) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23), Градоначалникот на општина Крушево го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
### за одобрување на
### УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА КОМПЛЕКС НА ГРАДБИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА КП 2134, КО КРУШЕВО ВОН ГРАД, ОПШТИНА КРУШЕВО

На инвеститорот БИЛЈАНА АПОСТОЛОСКА, ул. „Битолска“ бр.23, Прилеп, и се одобрува УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА КОМПЛЕКС НА ГРАДБИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА КП 2134, КО КРУШЕВО ВОН ГРАД, ОПШТИНА КРУШЕВО, со ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА КОМПЛЕКС НА ГРАДБИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА КП 2134, КО КРУШЕВО ВОН ГРАД, ОПШТИНА КРУШЕВО, со технички број: 136/23, од Декември 2023 година, изработен од страна на Друштво за градежништво трговија и проектирање на Петар Иваноски ПЕРКАН ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инвеститорот БИЛЈАНА АПОСТОЛОСКА, ул. „Битолска“ бр.23, Прилеп, преку барателот Друштво за градежништво трговија и проектирање на Петар Иваноски ПЕРКАН ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, достави Барање бр.07-13/1 од 16.01.2024 година, архивирано од страна на Општина Крушево под бр. 21-153/1 од 23.01.2024 година, за одобрување на Урбанистички проект со идеен проект - УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА КОМПЛЕКС НА ГРАДБИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА КП 2134, КО КРУШЕВО ВОН ГРАД, ОПШТИНА КРУШЕВО, со ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА КОМПЛЕКС НА ГРАДБИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА КП 2134, КО КРУШЕВО ВОН ГРАД, ОПШТИНА

КРУШЕВО (фаза Архитектура), со технички број: 136/23, од Декември 2023 година

Кон барањето достави:

1. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела за комплекс на градби со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 2134, КО Крушево вон град, Општина Крушево, со Идеен проект за комплекс на градби со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 2134, КО Крушево вон град, Општина Крушево (фаза Архитектура), со технички број: 136/23, од Декември 2023 година, (pdf и dwg) формат.
2. Извештај од Стручна ревизија со технички број 0701-889 од 28.05.2024 година од страна на Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги КВАДАР ДОО Скопје.
3. Решение за назначување на ревидент бр.21-153/9 од 28.05.2024 година.
4. Полномошно, бр.УЗП 7046/2022 од 10.10.2022 година, заверено кај нотар Татјана Адамоска Конеска.
5. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени ажурирана геодетска подлога за КО Крушево вонград КП 2134, со деловоден број 0801-25/3 од 02.03.2022 година, изработен од страна на „Гео ТОПОКАТ“ ДОО Прилеп со Известување за електронска заверка на геодетски елаборат бр. 1110-1/2022 од 02.03.2022 година издадено од страна на Агенција за катастар на недвижности.
6. Услови за планирање на просторот со тех бр. Y50322 од Декември 2022, одобрени со Решение бр. УП1-15 2518/2022 од 31.01.2023 година.
7. Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела за комплекс на градби со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 2134, КО Крушево вон град, Општина Крушево со тех бр. 07-37/1 од 08.02.2023 година, одобрена со Решение бр.21-267/5 од 26.05.2023 година.
8. Потврда од Графички регистар за градежно земјиште со која се потврдува дека по извршената финална контрола на наведениот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела за комплекс на градби со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 2134, КО Крушево вон град, Општина Крушево, го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект.
9. Решение за формирање стручна комисија бр.09-674/1 од 13.05.2022 година.
10. Одлука за организирање на јавен увид бр.21-153/10 од 03.06.2024 година.
11. Соопштение за организирање на јавен увид бр.21-153/11 од 03.06.2024 година.
12. Известување организирање на јавен увид бр.21-153/12 од 03.06.2024 година.
13. Записник по извршен јавен увид бр.21-153/13 од 08.07.2024 година.
14. Мислење од комисија за урбанизам на Општина Крушево бр.21-153/14 од 08.07.2024 година.

По разгледувањето на приложената документација и мислењето со бр.21-153/14 од 08.07.2024 година поднесено од страна на Комисијата за урбанизам од општина Крушево во кое истата дава ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ и потврдува дека Урбанистичкиот проект со Идеен проект, е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23) и прописите донесени врз основа на истиот и се констатира дека се исполнети законските услови за донесување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА

ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА КОМПЛЕКС НА ГРАДБИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА КП 2134, КО КРУШЕВО ВОН ГРАД, ОПШТИНА КРУШЕВО, со ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА КОМПЛЕКС НА ГРАДБИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА КП 2134, КО КРУШЕВО ВОН ГРАД, ОПШТИНА КРУШЕВО (фаза Архитектура), со технички број: 136/23, од Декември 2023 година, и се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на општината, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до органот на државната управа надлежен за вршење на работите на уредување на просторот (МТВ).

**Бр.21-153/15 од 22.07.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А


**Ре.бр. стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 48-та седница на Советот на Општина Крушево … 1

2.Заклучок за усвојување на записникот од 47-та седница на Советот на Општина Крушево ............ 1

3. Одлука за констатирање на престанок на мандатот на член на Советот на Општина Крушево ........................................................................ 1

4. Одлука за доделување на финансиски средства на здруженија и финдации од Буџетот на Општина Крушево ........................................................ 2

5. Заклучок за извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за периодот од првото полугодие од 2024 година ........................................................... 3

6. Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин-Крушево за учебната 2023/2024 година ........................................................................ 3

7. Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работата на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин-Крушево за учебната 2024/2025 година ........................................................................ 3

8. Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Никола Карев“ Крушево за учебната 2023/2024 година ............................. 3

9. Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ „Никола Карев“ Крушево за учебната 2024/2025 година ............................. 4

10. Заклучок за прифаќање на Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево за учебната 2023/2024 година ........... 4

11. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2024-2025 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче“ Крушево ...................................................................... 5

12. Согласност на Годишниот План за вработување за 2025 година на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин-Општина Крушево ............................ 5

13. Согласност на Годишниот План за вработување за 2025 година на СОУ „Нуам Наумовски-Борче“ Крушево ....................................................... 5

14. Согласност на Годишниот План за вработување за 2025 година на ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево ...................................................................... 6

15. Решение за именување на ВД директор на Домот на културата „Наум Наумовски-Борче“ Крушево ....................................................... 6

16. Решение за одобрување на Проектна Програма за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево-вон град, Општина Крушево .......................................... 7

17. Решение за одобрување на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за формирање на градежна парцела за комплекс на градби со намена А4.3-викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 2134, КО Крушево вон град, Општина Крушево ............ 8



Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.